ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДВАЈЦА НАСТАВНИЦИ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК
ЗА ПРОГРАМА ACCESS 2026 - 2028

За потребите на реализацијата на Програмата Access, објавуваме **ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ДВАЈЦА НАСТАВНИЦИ/ЧКИ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК**, кои ќе бидат одговорни за организирање и спроведување на дополнителната настава и активностите во рамките на Програмата Acces во текот на 18 месеци од реализација во Прилеп.

Наставата во рамките на Програмата Access ќе се одржува во **СОЕПТУ Кузман Јосифовски – Питу од Прилеп**.

Наставниците ќе бидат ангажирани по 4 (четири) часа неделно, по завршувањето на редовната настава и ќе добиваат месечен надоместок за својот ангажман. Во продолжение се наведени потребните квалификации и работните задачи на наставниците во Програмата Access.

ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ
Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:

- Завршено високо образование со квалификација „Наставник по англиски јазик“ и најмалку три години работно искуство во настава;
- Изразена мотивација и посветеност за работа со млади во текот на програмата од 18 месеци;
- Креативност и иновативност во подготовката и реализацијата на наставата;
- Способност и подготвеност за организирање и учество во активности надвор од училницата, вклучително и летен камп;
- Подготвеност за учество во обуки и активности за професионален развој организирани од МЦГО и Амбасадата на САД;
- Основни познавања на американската култура и демократските вредности;
- Добри основни компјутерски и дигитални вештини.

РАБОТНИ ЗАДАЧИ И ОДГОВОРНОСТИ
Избраните наставници ќе бидат одговорни за:

- Планирање и реализација на наставата и дополнителните активности согласно целите и наставната програма на Access;
- Подготовка на наставни планови, часови и избор на соодветни наставни материјали;
- Редовно следење, оценување и документирање на напредокот и присуството на учениците;
- Изработка и ажурирање на ученичките портфолија и подготовка на редовни извештаи за координаторот на програмата;
- Организирање и учество во воннаставни активности и грижа за безбедноста на учениците;
- Континуирано професионално усовршување и примена на современи наставни методи.

ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОГРАМАТА АКСЕС
Програмата Access е двегодишна глобална образовна програма за стипендирање, поддржана од Стејт департментот на САД, која има за цел да ги унапреди јазичните вештини на учениците на возраст од 14 до 18 години преку дополнителна настава по завршувањето на редовните часови и интензивни едукативни сесии.
Од нејзиното започнување во 2004 година, во Програмата Access учествувале над 150.000 ученици од повеќе од 80 земји во светот. Учениците кои учествуваат во програмата се запознаваат со

американската култура и демократските вредности, развиваат лични и професионални вештини и учествуваат во иницијативи за поддршка на заедницата преку дополнителни активности. Програмата Access е поддржана од Амбасадата на САД во Скопје, а во Македонија ја спроведува Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО).

Повеќе информации за Програмата Access во Македонија:
https://docs.google.com/document/d/1NmFB1N_f1KOUrRRo50upvdtZAlAEe87n/edit?usp=drive_link

НАЧИН И РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ
Заинтересираните наставници по англиски јазик треба да ја достават следната документација:

- Пополнет формулар за пријавување;
- Професионална биографија (CV);
- Копија од дипломата за завршено високо образование;
- Сертификати за дополнителни курсеви и обуки по англиски јазик, учество во слични проекти, конференции, студиски посети и други релевантни активности (доколку ги поседуваат).

Линк до формуларот за пријавување:
https://docs.google.com/document/d/1epPmy6vuHRRXwE0SIamM78vLA8Ydqwmx/edit?usp=drive_link

Документите треба да се достават во електронска форма на следната е-адреса:
spijanmanova@mcgo.org.mk

Краен рок за пријавување: 24 ноември 2026 година.

За дополнителни информации во врска со процесот на пријавување, заинтересираните кандидати можат да ја контактираат Стела Пијанманова Стојаноска, координаторка на Програмата Access, на телефонскиот број **+389 78 256 721**.